## АЛАРОВА СО ПРЕДЛОГ ФОНТАНАТА НА ПЛОШТАД ДА БИДЕ МУЗИЧКА

# Од споменикот на Александар да ечат песни од Тоше

Градоначалничката на Општина Центар Виолета Аларова предлага од фонтаната со споменик на Александар Македонски, која ќе се гради на плоштадот Македонија, да се пуштаат песните на Тоше Проески. Оваа идеја градоначалничката Аларова ја нуди како компромисно решение на спорот меѓу Градот, од една страна, и Општина Центар и Владата, од друга страна, околу тоа дали Алаксандар Македонски или Тоше Проески треба да добие споменик во центарот на градот. Од кабинетот на гардоначланичката вчера ни рекоа дека за оваа идеја таа сѐ уште не разговарала и не им ја предложила на Владата и на Градот, но се надева дека ќе им се допадне и оти ќе биде прифатена.

"Од фонтаната, во чија средина ќе се наоѓа споменик на Александар Македонски, ќе свири музика, по која ќе играат водоскоците. Меѓу музиката која ќе се слуша, ќе се вртат и две песни од Тоше", изјави Аларова, по средбата со градоначалникот на Скопје Трифун Костовски.

Од кабинетот на градоначалникот Костовски велат дека на средбата градоначалничката Аларова не ја спомената идејата од фонтаната да се слушаат песните од Тоше, и биле изненадени кога Аларова тоа го изјавила. Од таму додаваат дека ова т.н. компромисно решение на Аларова е неприфатливо за Градот, односно дека тие и понатаму се против градењето на споменик на Александар Македонски на Плоштад.

**(А.А.)**



*Од фонтаната ќе свири музика по која ќе играат водоскоците, па градоначалничката Аларова предлага две од песните кои постојано ќе се вртат да бидат од Тоше*